Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
SHKOLLA FILLORE KOMUNALE
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ" Ш.Ф. "MARKO CEPENKOV" Q.F.
Бр.-Nr. 04-98/3
28.03. 2022 год.-viti
Станица Зелениково-Stacioni Zelenikovë

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015,129/2015 ,27/2016,120/2018,110/2019), член 82 и 85 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/2019), член 3, член 4, член 9, член 10, член 11 и член 12 од Законот за наставници и стручни соработници во основните училишта (Службен весник на РСМ бр.161/2019), врз основа на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Марко Цепенков" – Зелениково бр.01-170/3 од 13.10.2015 година, како и врз основа на Согласност од Министерството за Образование и наука на РСМ бр.12-14114/5 од 21.12.2021 година, и врз основа на Одлуката донесена од страна на В.Д.Директорот на ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково, се распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС

За вработување на следниве лица на определено работно време – најмногу до крајот на учебната 2021/2022 година, за пополнување на следниве работни места во ПУ.с.Страхојадица на албански наставен јазик:

1. **Еден (1) наставник по албански јазик со 4 наставни (8 работни) часа неделно, и основна нето плата од 4.952,00 денари.**
2. **Еден (1) наставник по математика на албански наставен јазик со 4 наставни (8 работни) часа неделно, и основна нето плата од 4.952,00 денари**
3. **Еден (1) наставник по англиски јазик на албански наставен јазик со 3 наставни (6 работни) часа неделно, и основна нето плата од 3.714,00 денари**
4. **Еден (1) наставник по француски јазик на албански наставен јазик со 2 наставни (4 работни) часа неделно, и основна нето плата од 2.476,00 денари**
5. **Еден (1) наставник по ликовно образование на албански наставен јазик со 1 наставен (2 работни) часа неделно, и основна нето плата од 1.238,00 денари**
6. **Еден (1) наставник по музичко образование на албански наставен јазик со 1 наставен (2 работни) часа неделно, основна нето плата од 1.238,00 денари**
7. **Еден (1) наставник по географија и историја на албански наставен јазик со 4 наставни (8 работни) часа неделно, основна нето плата од 4.952,00 денари,**
8. **Еден (1) наставник по биологија на албански наставен јазик со 2 наставни (4 работни) часа неделно, и основна нето плата од 2.476,00 денари**
9. **Еден (1) наставник по физичко и здравствено образование на албански наставен јазик со 3 наставни (6 работни) часа неделно, и основна нето плата од 3.714,00 денари**

УСЛОВИ: Кандидатите за наставен кадар , покрај општите услови утврдени со Закон за работни односи (Сл.весник на РСМ бр.167/15, 27/16 и 120/18), треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени во член 3 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (Сл.весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година) и условите наведени во Правилникот за систематизација на работните места во ООУ "Марко Цепенков" – Зелениково:

-да е државјанин на Република Северна Македонија
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место

-да има завршено најмалку четири години соодветно високо образование согласно нормативнот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно припаѓаат на VI A ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.
-да има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж.
-да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ке ја изведува наставата.
**-Заинтересираните кандидати** треба да достават:
-пријава во хартиена форма која треба да содржи податоци за кандидатот, кратка биографија (CV), со задолжително наведени контакт телефон и адреса,-уверение за државјанство на РСМ,-доказ за завршено соодветно образование,
-кандидатите за наставен кадар треба да го познаваат македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата (за што ќе се врши проверка од Комисија во самото училиште и интервју).
-доказ за положен стручен испит.

Работното време за вработените во ПУ с.Страхојадица е од понеделник до петок со 40 часови неделно, во две смени и тоа прва смена почнува од 07:30часот, втора смена започнува од 13:30 часот.
Работниците имаат право на дневен, неделен и годишен одмор согласно со ЗРО.

-Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.Рокот за пријавување изнесува 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот.

-Пријавите со потребните документи (оргинал или копија заверена на нотар) како и докази за исполнување на условите, да се достават во писмена форма директно на архивата на ООУ "Марко Цепенков"-Зелениково на ул.1 бр.6 ст.Зелениково, во работни денови во период од 8:00 до 13:00 часот.
Телефон за контакт: 022717410

**ПРАВНА ПОУКА**: Неуредните, некомплетните и ненавремените пријави и документи нема да се разгледуваат.

**В.Д.Директор**

**Љупка Стојановска**